LIFE IS FOR SHARING.

Универзална услуга

Со Одлука бр. 02-473/26 од 29.06.2011 година, Македонски Телеком АД-Скопје е назначен за давател на Универзална услуга, во состав на која спаѓаат:

- поврзување на крајниот корисник со јавната телефонска мрежа, на негово разумно барање со овозможување пристап до јавните телефонски услуги на определена фиксна географска локација, овозможувајќи му појдовни и дојдовни повици во локалниот, националниот и меѓународниот телефонски сообраќај, комуникации преку факсимил и пренос на податоци со брзина од минимум 9600 бит/с по прифатлива цена;
- обезбедување на разумен број јавни телефонски говорници за да се задоволат потребите на крајните корисници од аспект на географска опфатеност со задоволителен број на јавни телефонски говорници, со можност за пристап на корисниците со посебни потреби и со соодветен квалитет на услугата.
- обезбедување на услови за еднаков пристап и употреба на јавните телефонски услуги од страна на крајните корисници со посебни потреби, вклучувајќи и пристап до броеви на службите за итни повици, целосниот телефонски именик и телефонската служба за информации под еднакви услови, како и на другите крајни корисници во Република Македонија.

За крајните корисници ги обезбедуваме следните тарифни модели како дел од Универзалната услуга:

- Минимален модел
- За лица со посебни потреби
- Социјален припејд модел
- Пензионер